РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 01-455/1
14.08. 2025 год.
ВЕЛЕС

# Општинско средно училиште „Јовче Тесличков” - Велес

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

за период 2025-2029 година

Велес, август 2025

## ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА НА ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“- ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД 2025-2029 ГОДИНА

**ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА:**

1. Васко Трајковски – директор
2. Каролина Манаскова –наставник-координатор
3. Нада Јованова – наставник
4. Соња Савевска – наставник
5. Бранка Андовска – наставник
6. Наташа Михова – наставник
7. Антонио Пановски – наставник
8. Жаклина Ивановска Зафирчева – наставник
9. Љупчо Петров – наставник
10. Орхидеја ХаџиПетрушева Јовановска – наставник
11. Билјана Стефановска – наставник

# СОДРЖИНА

**I За училиштето**

- Лична карта....4
- За ликот и делото на патронот ....5
- Важни награди и признанија ....5
- Структура на вработени ....9
- Простор ....10
- Преглед на опременост на училиштето со наставни и технички помагала ....11
- Финансиски средства ....11
- Училишно опкружување ....11
- Вовед ....13
- Структура на развојното планирање по години на реализација....14

**II Мисија на училиштето** ....14

Мото ....15

**III Визија на училиштето** ....15

**IV Утврдување на подрачја на промени** ....15

**V Фактори кои го забавуваат реализирањето на целите и стратегии за нивно надминување** ....17

**VI План за реализација** ....25

- на цели по учебни години и приоритети....25
- на задачи и активнности по учебни години и приоритети ....28

**VII План за евалуација** ....53

**Финансиска конструкција за реализација на целите**....62

# I . ЛИЧНА КАРТА

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето:** | **ОСУ „Јовче Тесличков”** |
| **Адреса:** | Кукушка бр.37, Велес |
| **Телефон:** | 231-098 факс: 231-098 |
| **e-mail:** | usojtv@yahoo.com |
| **web страна:** | http://jovcheteslichkov.com/ |

ОСУ „Јовче Тесличков“ е економско–правен образовен центар кој, низ годините, се развива и надградува согласно потребите на стопанството и општеството во Велес и пошироклот регион. Училиштето негува традиција на социјално партнерство и образование на кадри од економската, правната и трговската струка.

Сместено е во центарот на Велес, во близина на кружниот тек во населбата Дворови.

Наставната дејност започнува во учебната 1956/57 година, првично како економска паралелка во состав на Гимназијата „Кочо Рацин“. Од 1 септември 1960 година, со Решение на Народниот одбор на Титовелешката околија (бр. 01–726 од 14.09.1960), училиштето продолжува со работа како самостојна институција.

Во периодот 1963–1975 година, наставата се одвивала во зградата на старата Гимназија, а потоа во реновиран објект заедно со ЦОУ „Благој Кирков“. Со одлука на Советот на Општина Велес (бр. 0701–2609/4 од 14.07.2006 година), од учебната 2006/07 училиштето се дислоцира во просториите на поранешното ОУ „Трајко Андреев“, со што се обезбедува работа во една смена и современи услови за настава.

Во 1984 година се усогласува со новата концепција за насочено образование и го менува името во Училиште за средно образование од економска, трговска и правна струка. Во 2004/05 година се воведуваат модерни насоки во економско–правната и трговската струка. Од учебната 2008/09, наставата се изведува кабинетски, со компјутер за секој ученик.

Денес, ОСУ „Јовче Тесличков“ е современа воспитно–образовна институција која нуди квалитетна настава, поттикнува тимска работа и активности прилагодени на интересите и можностите на учениците. Преку својата работа, училиштето континуирано придонесува кон задоволување на кадровските потреби во Велес и регионот, а низ годините образувало бројни економски, политички и општествени личности кои оставиле значаен белег во локалната и националната заедница.

## За ликот и делото на патронот



Јовче Тесличков е роден на 17 октомври 1925 година во Велес. Потекнува од сиромашна работничка фамилија и уште како дете ја почувствувал сиромаштијата и тешкиот живот наметнат од ненародниот режим на стара Југославија.Татко му Димко едвај го прехранувал своето семејство од нередовната плата која ја примал работејќи во монополот.

Јовче основното образование го оформил во училиштето „Св. Ѓорѓи", а го продолжува во Велешката гимназија.

Окупацијата на земјата го затекнува во родното место. Како гимназијалец Јовче се движи меѓу напредната младина, поради што и чита марксистичка литература. Во 1942 година е примен во СКОЈ. Како скоевец активно учествува во тридневниот штрајк на гимназијалците во март 1942 година.

Со формирањето на Осмата велешка бригада на 2 септември 1944 година во село Отиштино, Јовче стапува во нејзините редови. Како борец на бригадата активно учествува во борбите што се водат за ослободувањето на нашата земја од окупаторот и домашните предавници.

Како борец и Скоевец бил безстрашен, дисциплиниран, примерен и сакан од сите борци. А како резултат на неговата борба и политичка активност во првите денови на октомври е предложен за комесар на чета.

Јовче Тесличков загинува на 24 Октомври 1944 година на само 19 години од својот живот, кога требаше и понатаму да се бори и да ја дочека толку саканата слобода за која во текот на животот чезнееше. Неговиот светол лик треба да и служи како пример на младата генерација за тоа како треба да се брани и чува слободата.

## Важни награди и признанија

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ учествуваат на разни натпревари и манифестации каде го покажуваат своето теоретско и практично знаење.Од страна на раководниот тим и тимот на наставници при ОСУ „Јовче Тесличков“ се води посебно грижа за зајакнување и единството на меѓучовечките односи во училиштето, меѓу учениците и наставниците и тоа претставува солидна база за успешна работа и освојување на важни награди и признанија.

- По значајните успеси постигнати на општинско и регионално ниво и стекнувањето на титулата Општински прваци за учебната 2016/2017, кошаркарите од нашето училиште на државното првенство го освоија петтото место со наставник ментор Анѓел Љутков;
- Учество и освоено прво место екипно во карате и поединечно второ и трето место со учениците Јован Васиќ и Христијан Димитриевски под менторство на наставникот Златко Гуцев;

- Учество и освоено прво место екипно во карате и поединечно второ и трето место со учениците Јован Васиќ и Христијан Димитриевски под менторство на наставникот Златко Гуцев;
- Националниот конкурс за новинарска статија од програмата за „Млади репортери за животна средина“ која е дел од Фондацијата за еколошка едукација во македонскиот образовен систем освоено трето место за ученикот Александар Милошевиќ со својата статија „Лек за велешкиот чир“ под менторство на наставникот Елизабета Циунова;
- Регионален натпревар по социологија освоено трето место и учество на државен натпревар на ученичката Тина Божинова со ментор наставник Марија Јанушева;
- Државен натпревар по Географија одржан на 05.05.2017 година на Природно-математичкиот факултет – Скопје и учество на ученичката Ангела Алексова која го освои 4-тото место под менторство на наставникот Методија Бузалковски;
- Учество на регионален натпревар по социологија, каде учество земаа учениците Тина Божинова и Игор Стојков Ученикот Игор Стојков го освои првото место, со што зема учество на државниот натпревар и го освои второто место, под менторство на наставник Марија Јанушева;
- Учество на државен натпревар по руски јазик на 12 мај 2018 на учениците: Сара Цветковска, Кристина Пановска, Кристијан Пановски, Симона Здравевска, со ментор наставник Македонка Миланова;
- Учество на државен натпревар „Get In The Ring“ во учебната 2016/2027 година со ученици од четврта година со подготвен бизнис план и пласман во полуфинале во конкуренција на 16 полуфиналисти, а под менторство на наставниците Виолета Галева и Васко Трајковски;
- Национален натпревар за најдобра ученичка компанија за учебната 2017/2018 година во организација на Junior Achievement Македонија со тим од тројца наставници и пет ученици и освоено прво место на ниво на Република Македонија, што обезбеди учество на европскиот натпревар кој се одржа од 16-19 Јули во Белград, кадешто учениците во конкуренција на 38 ученички компании од исто толку европски држави го претставија својот производ„Ringobit“ – едукативно помагало за учење и совладување на математички операции, а изработен од ученичката компанија UniqaSpera. Ментори беа наставниците: Васко Трајковски, Радмила Андовска и Сандра Пановска, а ученици во тимот: Сара Горгиевска, Симона Андовска, Анастасија Андовска, Мартина Стојкова и Аријан Амзи;
- Учество на натпревар „Најдобар бизнис концепт 2018“ во организација на Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење (НЦРИПУ), во соработка со Центарот за развој на нови бизниси при Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,Бирото за развој на образование, пласман во полуфинале и во финалето на топ 8 бизнис концепти;
- Учество на натпревар преку реализација на 3- дневна UPSHIFT работилница за социјални влијанија во Струга од 21ви до 23ти март во учебната 2018/2019, организирани од UNICEF, CEEDHUB, Фонд на иновации и технолошки развој и Министерството за образование и наука;
- Учество на „Камп на иновации“ – натпревар на средношколци во претприемачки вештини кој се одржа во Ноември 2019, во Скопје, во организација на “Junior Achievement” Македонија, во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. На натпреварот учествуваа 13 средни училишта од десет града од целата

територија на земјата и се натпреваруват 52 средношколци со поддршка од 13 ментори наставници. Учесници беа учениците: Магдалена Ѓорѓиева, Христијан Петровски, Ивона Силева и Александра Стевановиќ, а тимот во кој учествуваше Христијан Петровски освои 3то место. Одговорни наставници Радмила Андовска и Васко Трајковски;

- Учество на интернационален натпревар„Дабар“ за информатички познавањња и вештини во учебната 2019/2020 година и под менторство на наставникот Антонио Пановски.На истиот земаа учество 34 ученици,а најдобри резултати беа постигнати од Кочова Кристина, Кристијан Пановски, Атанасовски Јован и Мартин Дончов за што се стекнаа со сертификати;
- Учество на државен натпревар „Лидер на струка 2019“ и освоени: Ученичката Тина Божинова - првото место и е лидер на струката за образовен профил Деловен секретар под менторство на наставникотТодорка Мацарова. Останатите ученици: Натали Димонова, Алма Исљамовска, Кристијан Пановски и Магдалена Ѓорѓиева земаа учество и постигнаа солидни резултати под менторство на наставниците Васко Трајковски и Каролина Манаскова;
- Учество на Меѓународен поетски фестивал во Нови Сад во 2020 година иосвоена втора награда на ученичката Сртојанка Ќупчева под менторство на наставник Жаклина Ивановска Зафирчева;
- Учество на натпреварите на МАССУМ и освоена стипендија за студирање од Универзитетот ФОНво категорија Најдобра поетска творба за ученичката Ќупчева Стојанка, освои солиден успех и стипендија за студирање на ФОН. Ментор проф. Жаклина Ивановска Зафирчева;
- Општински натпреварпо англиски јазик за учебната 2022/2023 година, организиран од ЕЛТАМ- Асоцијација на наставници по англиски јазик на ниво на Македонија, и постигнати резултати: Марко Ковачев - прво место, Марија Ќириќ - второ место, Марија Ивановска - второ место, Благој Камев - второ место, под ментоство на наставниците Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова;
- Учество на регионален натпревар и обезбеден пласман на државен натпревар по географија во учебната 2022/2023 година за ученичката Марија Ќириќ и ментор наставник Методија Бузалковски;
- Учество на регионален натпреварпо англиски јазик за учебната 2022/2023 година, организиран од ЕЛТАМ- Асоцијација на наставници по англиски јазик на ниво на Македонија. Постигнати резултати: Марко Ковачев - прво место, Марија Ќириќ - прво место, Марија Ивановска - трето место, Благој Камев - трето место, под ментоство на наставниците Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова и пласман на државен натпревар;
- Натпревари на средни стручни училишта во повеќе категории МАССУМ 2022/2023 година и освоени награди: Најдобар штанд – прва награда (група ученици и ментор психолог Катерина Ефремова), Најдобар маркетинг план – втора награда (Ана Тодорова, Ѓоре Гаќев, Езќур Хасанов и Мартин Станчев, со ментори наставници АНгелина Мачавелова и Соња Свевска), Најдобар соло печај – втора награда (Лука Николовски со ментор наставник Душан Банев) и Интервју за работа на македонски јазик – трета награда (Ана Тодорова и ментор Каролина Манаскова);
- Учество на натпревар по географија и освоено прво место со 100 поени, како и пласман на регионален натпревар за ученичката Марија Нојкова со ментор наставник Методија Бузалковски;

- Учество на литературен конкурс по повод 8 Март и освоена втора награда за учебната 2023/2024 година за ученичката Марија Нојкова и ментор наставник Жаклина Ивановска Зафирчева;
- Второ место на регионален и пласман на државен натпревар по географија во учбната 2023/2024 година за ученичката Марија Нојкова под менторство на наставник Методија Бузалковски;
- Општински натпревар по Англиски јазик за учебната 2023/2024 година во организација на ЕЛТАМ и освоени второ и трето место за ученичките Марија Ивановска и Марија Ќириќ под менторсртво на наставниците Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова;
- Регионален ELTAM натпревар по Англиски јазик за учебната 2023/2024 година и постигнати следните резултати: Марија Ќириќ - прво место и Марија Ивановска - второ место, со ментори наставници Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
- Освоени шест награди на МАССУМ државните натпревари во учебната 2023/2024 година:. Наградите се во следниве категории: Најдобар штанд - второ место, Веб страна - второ место, Маркетинг план - второ место, Видео реклама - прво место, Интервју за работа на македонски јазик - прво место и Јавно говорење на албански јазик - трето место;
- Освоена трета награда за нашата ученичка Марија Бошевска под менторство на наставник Жаклина И. Зафирчева, на литературниот конкурс за есеј по повод патрониот празник на ССОУ ,,Димитрија Чуповски" Велес во учебната 2024/2025;
- Освоено прво место на иновативниот натпревар за млади средношколки на возраст од 16-19 години од 6 средни училишта од Вардарскиот плански регион, во рамки на проектот „Еднакви можности за млади девојчиња и жени", организиран од Џуниор Ачивмент Македонија во учебната 2024/2025 година, со тимот ученици Ангела Анастасова, Марија Бошковска, Искра Ризовска, Ива Петровска и Симона Крстевска, со ментори наставници Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- Наградени ученици за учебна 2024/2025 година од страна на Општина Велес со стипендии во категоријата најталентирани ученици во средно образование: Марија Ќириќ и Ана Тодорова;
- Освоено прво место на општински натпревар по географија за учебната 2024/2025 година и пласман на регионален на ученичката Марија Нојкова со ментор наставник Методија Бузалковски.
- Учество на литературен конкурс распишан од Локална библиотека ,,Гоце Делчев" Велес и Клуб на писатели „Коста Солев Рацин" Велес по повод 8 Март во учебната 2024/2025 година и освоена втора награда за ученичката Марија Бошевска, под менторство на наставникот Жаклина Ивановска Зафирчева;
- Освоено прво место на општински натпревар по географија за учебната 2024/2025 година и пласман на регионален на ученичката Марија Нојкова со ментор наставник Методија Бузалковски;
- Учество на општински натпревар по Англиски јазик за учебната 2024/2025 година организиран од ЕЛТАМ, и освоена трета награда за учениците Викториа Јовановска, Марија Ќириќ и Марија Ивановска и пласман на регионален натпревар, под менторство на наставниците Англиски јазик Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;

- Учество на Регионален натпревар за најдобра ученичка компанија за учебната 2024/2025 година во организација Џуниор Ачивмент Македонија и пласман на Државниот натпревар за Ученичката компанија „Playful Pages“ со бизнис идејата: Сликовница „Стари детски игри“;
- Освоени награди на натпреварите МАССУМ во учебната 2024/2025 година: Најдобра веб страна – второ место (Леонид Велинов и Филип Спиров, ментор наставник Антонио Пановски), Најдобар штанд – второ место (група ученици и ментори наставник Македонка Миланова и педагог Билјана Коџабашиева), Јавен говор – трето место (Мерве Исмаилова и ментори наставници Жаклина Ивановска Зафирчева и Маја Талеска Панова), Јавен говор на албански јазик – второ место (Суада Јусуфи и наставник ментор Милка Петровски) и Најдобро кариерно портфолио – трето место (Марија Бошевска и ментори наставник Нада Јованова и педагог Билјана Коџабашиева).

Училиштето редовно зема активно учество во повеќе јавни манифестации како што се: орагнизирање на хуманитарни акции проследени со културно – уметничка програма, учество на финални работилници за проекти на ученици од средните училишта во организација на Црвениот крст на Р. С. Македонија, манифестации организирани од невладиниот сектор и манифестации организирани од локалната самоуправа. Училиштето има добиено признание од Црвениот крст за успешно организириање и подржување на хуманитарните активности.

Учлиштето по повод  патрониот празник на училиштето реализира бројни активности збогатени со културно – уметничка програма. Редовно во училиштето се организира и „Љубовна чајанка“ по повод 14 февруари денот на вљубените. Училиштето традиционално организира отворен ден за учениците од завршните години на основото образование, „Саем на бизнис и претприемништво“.

**Структура на вработени**

| Работни места според полот и степенот на образование | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Магистратура | | Високо | | Средно | |
| | | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| **Раководен кадар** | Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / |
| **Наставен кадар** | Наставен кадар * | 34 | 24 | 5 | 5 | 29 | 19 | / | / |
| **Стручни соработници** | Педагог | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / |
| | Психолог | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / |
| | Библиотекар | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Советник за општи и нормативно-правни работи - секретар | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / |
| | Хаусмајстор | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / |
| | Чувар | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / |
| | Хигеничар | 3 | 3 | / | / | / | / | 3 | 3 |
| | **Вкупно** | 43 | 29 | 6 | 5 | 32 | 21 | 5 | 3 |

**Наставен кадар на неопределено време: 24**
**Наставен кадар на определено време: 4**
**Наставен кадар од други училишта: 6**

## Простор

ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, во зградата во која се изведува наставата располага со 25 кабинети со вкупна квадратура од 1118 $m^2$ , 5 канцелариисо 109 $m^2$, 1 библиотека со 34 $m^2$, 1 сала за физичко со зафатнина од 455 $m^2$ и други 12 простории за различни примени со вкупна квадратура од 975 $m^2$. Училиштето располага и со уредено дворно место со квадратура од 1291 $m^2$ и спортски терени и игралишта 2892 $m^2$.

## Преглед на опременоста на училиштето со наставни и технички помагала

- **Опрема**

Училиштето располага со наставни средства и технички помагала кои ги обновува согласно финансиските можности. За потребите на online наставата во училиштето се донирани од страна на компанијата DraxlerMaier вкупно 20 компјутери со што се опремени сите кабинети, и на наставниот кадар му се овозможи непречено да ја реализира online наставата во просториите на училиштето. Исто така училиштето располага со: 5 ЛЦД Проектори, 3 бели платна за ЛЦД Проектор, 4 Whiteboard 120x180cm - бела табла, 4 Флип чарт табли, 2 Фотокопири, 6 принтери, 1 Smart Табла во кабинетот по информатика.

**Финансиски средства**

- **Училиштето се финансира од:**
    - Министерството за образование и наука:
    - Општина Велес;
    - Самофинансирање;
    - Проекти;
    - Донации.

**Училишно опкружување**

- **Образовни установи:**
    - Основни училишта – 4;
    - Училишта за средно образование - 3 (една гимназија и две стручни);
    - Приватни училишта за странски јазици;
    - Технолошко технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола

- **Културни установи:**
    - ЈУ Локалнабиблиотека „Бели Мугри“
    - Народен театар „Ј.Х.К Џинот“
    - Народен музеј
    - Антички локалитет Стоби,
    - Центар за поддршка на НВО – Велес,
    - Спомен куќа – музеј „Кочо Рацин“,
    - Спомен куќа – музеј „Васил Главинов“
    - Споменик „Костурница“

**Невладини организации:**

Во градот постои Центар за подршка на НВО – Велес, во општината постојат повеќе невладини организации, а со повеќето од нив училиштето има одлична соработка

**Спортски клубови:**
Фудбалски клубови, ракометни клубови, Кошаркарски клубови, Гимнастички клуб, Велосипедски клуб, Кајакарски клубови, Боречки клубови,Одбојкарски клуб, Пинг – понг клуб, карате клубови, Шаховски клуб, Риболовно спортско друштво

**Професионални здруженија:**
Здружение на занаетчии, Здружение на математичари,Здружение на физичари, Здружение на историчари, Здружение на спортски работници и други здруженија

**Трговски друштва:**
Банки, мали претпријатија, средни претпријатија, големи препријатија

**Медиуми:**
Локални ТВ станици, локални радиостаници, печатени и електронски весници.

**Здравствени установи:**
Медицински Центар, Здравен дом, Центар за јавно здравје, Приватни здравствени ординации

**Иститутуции за безбедност:**
МВР – СВР Велес, приватни агенции за обезбедување

# ВОВЕД

Развојното планирање претставува динамичен, систематизиран и креативен процес преку кој нашето Општинско средно училиште од струка/сектор економска, правна и трговска / економија, право и трговијасе стреми постојано да се прилагодува и унапредува во согласност со потребите на учениците, пазарот на трудот и општествените промени преку профилите со четири години на образование: економски техничар, бизнис администратор, правен техничар и техничар за е-трговија и дигитален маркетинг и со  тригодишно образование профили: продавач-референт за продажни услуги и асистент-деловен администратор.

Со развојното планирање, училиштето врз основа на анализа на постојната состојба, резултатите од самоевалуација и согледување на идните предизвици, ги дефинира своите цели, приоритети и начини за нивна реализација преку конкретни планови, програми и стратегии. На овој начин училиштето станува активен креатор на својата иднина, обезбедувајќи квалитетно образование и подготовка на учениците за успешно вклучување во современиот глобализиран и технолошки развиен деловен свет.

Процесот на развојно планирање ги вклучува сите релевантни субјекти од интерната и екстерната средина: наставници, ученици, родители, стручна служба, локална самоуправа и деловната заедница. Со нивната вклученост се обезбедува транспарентност, ефикасност и усогласеност со реалните потреби на заедницата.

Координатор на развојното планирање е директорот на училиштето, кој има клучна улога во координирањето и мотивирањето на вработените, распределба на задачите и следење на реализацијата на активностите.

Развојниот план ги опфаќа приоритетите што училиштето ги утврдило како најзначајни за наредниот период, а тоа се:

**Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес**

**Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима**

**Трет приоритет: Модернизација на просторните и техичкитеуслови за работа**

Преку реализација на овие приоритети, училиштето ќе обезбеди повисок квалитет на образовниот процес, ќе овозможи развој на вредности, знаења и вештини во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, неопходни за долгорочен успех на учениците во услови на постојани технолошки и пазарни промени.

Успешното развојно планирање се темели на постојана комуникација и соработка внатре во училиштето и со надворешните партнери, особено со локалната самоуправа и бизнис-заедницата. Само на тој начин училиштето може целосно да ја исполни својата мисија и визија и да биде препознатливо како современа и квалитетна образовна институција.

| Структура на развојното планирање по години на реализација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приоритет | | | | |
| | 2025/2026 | 2026/2027 | 2027/2028 | 2028/2029 |
| Јакнење на квалитетот на наставниот процес | X | X | X | X |
| Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима | X | X | X | X |
| Модернизација на просторните и техничките услови за работа | X | X | X | X |

# II. МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Мисија на училиштето**

**„Нашето училиште има мисија да обезбеди квалитетно, современо и инклузивно образование во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, подготвувајќи ученици со знаења, вештини и вредности што ќе им овозможат успешно вклучување напазарот на трудот, продолжување на образованието и активно учество во општествениот живот.”**

Преку иновативни наставни практики, примена на информациско-комуникациски технологии и тесна соработка со локалната заедница и деловниот сектор,ќе се стремиме да развиваме компетентни, одговорни и креативни млади луѓе, подготвени за предизвиците на современиот глобален свет.

Ние сме воспитно-образовна установа која во позитивна и поттикнувачка средина ги подготвува своите ученици за понатамошно образование и активно вклучување на пазарот на трудот. Го негуваме стекнувањето на знаења, развивањето на самодоверба, одговорност, толеранција и почитување на различностите.

Во нашето училиште се негуваат традицијата и партнерските односи со семејството и заедницата. Преку активности на учениците им се овозможува да ја изразат својата креативност, да ги развиваат своите професионални, деловни и дигитални вештини, подготвувајќи се за предизвиците на современото општество. Го градиме знаењето, вештините и вредностите на младите за нивен успех во економијата, правото, трговијата и дигиталниот свет.

**Мото**

**Училиште каде што учиме, создаваме и растеме заедно – подготвени за иднината!**
**Со заеднички чекори – кон знаење, компетенции и успех!**

# III. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Нашето училиште се стреми да биде современа, отворена и иновативна образовна установа, препознатлива по квалитетно образование, развој на дигитални, економски и правни компетенции кај учениците, и нивна подготвеност за понатамошно образование и активен живот на пазарот на трудот.**

**Да бидеме водечко средно економско училиште, каде што учениците стекнуваат знаења и вештини релевантни за модерната економија, правото и дигиталниот маркетинг, да е создаваме генерации на млади, успешни и одговорни професионалци, подготвени за предизвиците на современиот свет.**

# IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ

## Осврт од анализи, слаби и јаки страни, кон што се фокусира училиштето и ги определува

Врз основа на извршената самоевалуација за изминатиот период во училиштето ОСУ,,Јовче Тесличков“ Велес, утврдени се неколку приоритетни подрачја кои се користат како основа за изработка на развојниот план за периодот од 2025-2029 година. Од извршената анализа определени се идните активности кои се однесуваат на обуки на наставниот кадар,подобрување на успехот и редовноста на учениците, барање начини за осовременување на наставата во училиштето, зголемување на бројот на ученици со подобар успех при упис во прва година, зголемена соработка на родителите со наставниците, стручна служба и директор, продлабочување на соработката со локалната средина, зголемување на степенот на мотивираноста на учениците и вработените, осовременување на наставниот процес, зголемување на степенот на транспаретност при оценување, подобрување на училишна клима и односи во училиштето и доопремување со наставни средства и материјали. Како резултат на предвидените активности определени се следните приоритетни подрачја:

**Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес**

**Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима**

**Трет приоритет: Модернизација на просторните и техичките услови за работа**

**<u>Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес</u>**

Цел 1.1.Воведување на атрактивниипазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори;

Цел1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците;

Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи.

**<u>Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима</u>**

Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето;

Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес.

**<u>Трет приоритет</u>: <u>Модернизација на просторните и техичките услови за работа</u>**

Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување

Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура

| Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1. Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Административни и законски процедури (долг временски рок за добивање согласности од надлежните институции (Центар за развој настручно образование и обука за изработка и МОН за одобрување),потреба од усогласувањесо наставните планови и програми на национално ниво);<br>2. Инфраструктурни предизвици;<br>3. Побарувачка и заинтересираност (неизвесност за доволен интерес од страна на учениците и родителите за упис во новиот профили) | 1. Навремено започнување на административната постапка и подготовка на целосна документација според законските барања;<br>2. Аплицирање за национални и меѓународни проекти;<br>3. Добивање на поголема поддршка од центарот за развој на средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на секторот на национално ниво;<br>4. Добивање солгасност за воведување на нови атрактивни квалификации во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата и современиот начин на животот;<br>5. Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката економија, право и трговија. |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |

| | |
|---|---|
| 1. Внатрешни фактори на поддршка(искуство и експертиза,постоечки партнерства со компании, институции и локална заедница,активен ученички парламент);<br>2. Надворешни фактори на поддршка(Поддршка од Министерството за образование и наука, Центарот за развој за стручно образование и обука за одобрување на новиот профил, Компании, Локалната самоуправа);<br>3. Општествени и економски фактори зголемена побарувачка на труд за нови занимања во економија, право и трговија, трендови во дигитализацијата и иновациите, поддршка од родителите и јавноста за модернизација на образовните програми;<br>4. Учењето на претприемништвото, што е наша примарна цел и е носечки постулат во сите европски развиени земји и истиот е клучен за раст и развој на економијата. | 1. Организација на внатрешни работилници за споделување на добри практики и знаења меѓу наставниците;<br>2. Адаптација и оптимално искористување на постојните училници и опрема за потребите на новиот профил;<br>3. Продлабочување на соработката преку договори за пракса, донации и заеднички проекти;<br>4. Презентирање на реални примери за вработување и кариерен напредок на идните ученици<br>5. Со добиената поддршка од сите релевантни напоменати институции преку активна маркетинг кампања да се промовира важноста на учењето претприемништво, економија и право;<br>6. Вклучување на современи технологии и дигитални алатки во наставните планови. |

**ЦЕЛ 1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците**

| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
|---|---|
| 1. Недостаток на ИКТ опрема и софтвери<br>2. Недоволна обука на наставниците за нови дигитални алатки и методи<br>3. Ограничено време за проектна настава во рамки на наставниот план<br>4. Недоволна ангажираност на дел од учениците<br>5. Ограничена соработка со надворешни партнери<br>6. Резистенција кон промени и нови методи<br>7. Нерегуларност и непостојаност на обуките | 1. Аплицирање за проекти и донации, партнерства со компании за обезбедување опрема<br>2. Организација на интерни и екстерни обуки, онлајн курсеви<br>3. Интегрирање на проектни активности во редовната настава, меѓупредметни проекти<br>4. Вклучување на реални деловни ситуации, игри со улоги и натпревари<br>5. Активно барање нови партнери (компании, институции, НВО)<br>6. Организирање работилници и презентации со примери од пракса<br>7. Воспоставување јасен и долгорочен план за континуирана |

| | |
|---|---|
| | едукација |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Постоечна основна ИКТ инфраструктура<br>2. Наставен кадар мотивиран за усовршување<br>3. Флексибилност на дел од наставниците за адаптација на часовите<br>4. Постоење на ученици со висок интерес за практична настава<br>5. Постоечки контакти со локални бизниси и институции | 1. Надградба на постојната опрема и софтвер преку проекти и спонзорства<br>2. Создавање тимови за меѓусебно споделување на знаења и искуства<br>3. Планирање на заеднички часови и блок часови за проектна работа<br>4. Вклучување на ученици како ментори на врсници<br>5.Продлабочување на соработката преку договори за пракса и заеднички проекти |
| **ЦЕЛ 1.3.Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволна информираност на учениците за постоечките натпревари и проекти<br>2. Недоволна мотивација и самодоверба кај учениците<br>3. Ограничени финансиски средства за учество (пат, котизации, материјали)<br>4. Недостаток на време поради наставниот план и обврските на учениците недоволна вклученост на родителите во поттикнувањето на учениците | 1. Редовно информирање преку училишната веб-страница, социјални мрежи, огласни табли и часови на класен раководител<br>2. Организирање мотивациски работилници, споделување успешни приказни од поранешни учесници<br>3. Планирање на буџет за ученички активности, аплицирање на грантови и спонзорства<br>4.Флексибилно планирање на активностите и координација со наставниците за избегнување на преклопувања<br>5. Организирање на родителски средби со презентација на придобивките од вакви активности |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |

| | |
|---|---|
| 1. Постојни канали за комуникација (веб, социјални мрежи, класни часови)<br>2. Наставници-ментори подготвени да поддржат и мотивираат<br>3. Соработка со локални бизниси, општина, НВО<br>4. Поддршка од раководството за усогласување на наставните и вонаставните активности<br>5. Постојни канали за комуникација со родителите | 1. Подобрување и зголемување на интерактивноста на каналите, вклучување на учениците во креирање на содржини<br>2. Обука на наставниците за менторство и охрабрување на учениците<br>3. Создавање формална програма за партнерства и спонзорства<br>4. Внесување на натпреварите и проектите во годишните планови како приоритетни активности<br>5.Вклучување на родителите како гости, советници или логистичка поддршка во активностите |

| **Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима** | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволна комуникација помеѓу ученици и наставници<br>2. Присутни поединечни случаи на непочитување или дискриминација<br>3. Недоволно развиена култура на давање и примање повратни информации<br>4. Недоволна информираност на учениците за нивните права и обврски<br>5. Слабо вклучување на родители во животот на училиштето; | 1. Организирање редовни ученички форуми и состаноци со наставници<br>2. Обуки за наставници и ученици за инклузија, толеранција и ненасилна комуникација<br>3. Воведување на анонимни анкети и кутии за предлози<br>4. Информативни сесии и постери во училиштето за ученички права и обврски<br>5. Организација на родителски форуми и заеднички проекти |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |

| | |
|---|---|
| 1. Постоечки ученички парламент<br>2. Поддршка од стручната служба<br>3. Спремност на наставниците да прифатат конструктивна критика<br>4. Школски правилник и кодекс на однесување<br>5. Отвореност на училиштето за соработка; | 1. Вклучување на парламентот во процеси на одлучување и планирање активности<br>2. Поголема видливост на улогата на стручната служба преку работилници и советувања<br>3. Охрабрување и наградување на добри предлози од учениците<br>4. Ревидирање и претставување на правилникот на јасен и разбирлив јазик за учениците<br>5. Поттикнување на родителите да учествуваат во училишни настани и совети |
| **ЦЕЛ 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
